# Правила и услови за давање поддршка за рекламирање на малите бизниси дел од проектот НЛБ Рамка за помош

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

„НЛБ Рамка за помош“ е проект на НЛБ Банка за поддршка на микро и мали бизниси кои поради актуелната пандемија, предизвикана од вирусот COVID-19, се наоѓаат во незавидна ситуација.
Со цел да им се помогне на овие компании НЛБ Банка овозможува бесплатен рекламен простор со цел заживување на бизнисите и помош за надминување на последиците од кризата во периодот од 21.06.2021 до 30.09.2021 година. Бесплатниот рекламен простор е наменет за правни лица кои ги исполнуваат критериумите за давање поддршка за рекламирање согласно правилата на проектот „НЛБ Рамка за помош“. Во рамките на проектот правните лица ќе можат да користат некои од следниве рекламни активности:

- Отстапување рекламен простор на телевизиите
- Отстапување рекламен простор во печатени медиуми
- Отстапување рекламен простор– билборди
- Отстапување рекламен простор – веб банери
- Промовирање на социјални мрежи

За секое правно лице кое ќе биде избрано во рамките на овој проект, Банката ќе подготви соодветен рекламен пакет. Рекламниот пакет ќе содржи комбинација на горенаведените медиуми и канали за рекламирање. Рекламите од рекламниот пакет ќе се прикажуваат во одреден временски интервал во периодот од 21.06.2021 година до 30.09.2021 година.

НЛБ Банка АД Скопје го задржува правото да подготви оптимален план за рекламирање по различни канали во соработка со експерти за медиумски закуп за секоја од избраните компании (во зависност од присуството на локалниот пазар), а компанијата може да го користи подготвеното рекламирање на сопствените канали за комуникација.

Дополнително, за сите избрани компании Банката ќе овозможи одредени поволности во делот на електронската трговија (e-commerce).

## 2. ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ

Во рамките на проектот „НЛБ Рамка за помош” може да аплицираат сите правни лица кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- Самостојни трговци, занаетчии, индивидуални земјоделци и микро и мали компании, со регистрирана канцеларија или постојан престој во Р. Северна Македонија;
- Постојни и нови клиенти на НЛБ Банка АД Скопје. Доколку заинтересираното правно лице сè уште не е клиент на НЛБ Банка АД Скопје, потребно е да отвори трансакциска сметка во Банката пред одобрување на медиумската поддршка.
- Кандидатите можат да ги достават своите апликации исклучиво преку формуларот достапен на линкот: https://nlb.mk//ramka.aspx, во следниот период: од 20.04.2021 до 10.05.2021 година.
- Секое правно лице има право да поднесе само една апликација за добивање на медиумска поддршка.
- Апликациите на правните лица кои беа избрани во рамките на проектот НЛБ Рамка за помош минатата година, оваа година нема да бидат земени предвид.

## 3. РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Периодот за достава на апликациите е од 20.04.2021 година до 10.05.2021 година. Банката го задржува правото да го затвори повикот, како и да го продолжи крајниот рок за поднесување на апликации, при што промените ќе бидат објавени на веб-страницата на Банката.
Пријавите треба да се достават преку пополнување на формуларот за аплицирање достапен на веб страницата на Банката на следниот линк: https://nlb.mk//ramka.aspx.

За учество во процесот на селекција, секоја апликација мора да ги исполни следниве критериуми:

- правилно пополнет и валиден формулар за апликација и доставен во рамките на предвидениот рок дефиниран во рамките на правилата.

## 4. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ПРИСТИГНАТИТЕ АПЛИКАЦИИ

Критериумите за избор на мали претприемачи што ќе ги применува комисијата се следниве:

- Да биде постоечки или нов клиент на НЛБ Банка
- Да се занимава со некоја од наведените дејности: земјоделство, угостителство, туристички услуги, трговија на мало, услуги за убавина, фитнес центри, здравство, едукација, транспорт, култура, друго.
- Има седиште на компанијата или постојан престој во земјата
- Произведува производи или услуги во рамки на РСМ
- Постојни клиенти - компанијата користи ПОС терминал за безготовинско плаќање
- Постојни клиенти - компанијата има кредитна изложеност во Банката
- Компанијата има позитивен ефект врз локалната заедница и опкружување
- Компанијата самостојно бара решенија како да се прилагоди на актуелните промени на пазарот
- Компанијата е подготвена да ја сподели својата приказна во комуникациските активности како дел од овој проект
- Не се занимава со активност осомничена за нарушување на применливата правна, фискална или регулаторна рамка
- Има промена на број на вработени пред и по кризата
- Има промена на платите на вработените по кризата

## 5. ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗБОР И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ

По истекот на рокот за доставување на апликациите, сите примени апликации ќе бидат разгледувани од страна на четири члена комисија дефинирана од страна на Банката. Комисијата нема воопшто да ги разгледува апликациите кои не се доставени во дадениот рок или на начин кој не е утврден со овој проект. Рокот за разгледување на примените апликации е 20 дена, по истекот на рокот за достава на апликациите. Комисијата ќе изврши бодување и рангирање на сите примени апликации при што закуп на рекламен простор, односно учество во овој проект ќе им биде одобрен на 100 рангирани компании. Сите правни лица кои ќе поднесат апликација (избрани и неизбрани) ќе бидат информирани за резултатот од изборот преку е-маил или телефон.

## 6. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНИТЕ КАНДИДАТИ

Во рамките на проектот НЛБ Рамка за помош, од избраните мали бизниси се очекува:

- Да бидат подготвени да ја споделат својата бизнис приказна заради медиумско промовирање;
- Да бидат достапни и кооперативни за извршување на потребните активности за нивна маркетинг промоција и рекламирање;
- Да обезбедат и достават лого на компанијата до НЛБ Банка
- Да обезбедат основни информации за нивните производи или услуги и доколку е потребно, фотографии и/или видео материјал што ги имаат;
- Да обезбедат и да ги достават авторските права за нивните материјали до Банката или да ги префрлат правата на НЛБ Банка во период до 31.12. 2021 година;
- Да дозволат објавување / употреба на видео клипови и / или фотографии и / или изјави и други материјали и информации доставени со цел рекламирање во медиумите закупени од страна на НЛБ Банка

- Да гарантираат за квалитетот на производите или испорака на услугите што се предмет на рекламирање.

## 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ПРОЕКТОТ

Кандидатите може да испратат дополнителни прашања во врска проектот „НЛБ Рамка за помош“, најдоцна до крајот на рокот за пријавување на е-маил: ramka_za_pomos@nlb.mk